Steve Kamper
Minister for Small Business
Minister for Lands and Property
Minister for Multiculturalism
Minister for Sport

NSW GOVERNMENT

# Media Release
# Заедниците ќе споделат повеќе од 500.000 долари за да помогнат во одржување на посилен заеднички Нов Јужен Велс

Среда, 25 Септември 2024

Мултикултурните и верските заедници ќе добијат поддршка за организирање на локални фестивали и настани преку програмата „Заедно посилни" од Multicultural NSW, која сега е отворена.

Ова финансирање е дополнение на 500.000 долари кои Владата на Нов Јужен Велс веќе ги вложи во скоро 80 културни настани и фестивали оваа година.

Организациите кои ги исполнуваат услови можат да аплицираат за грантови од 5.000 до 20.000 долари за да помогнат во организирање на прослави кои ја слават и прифаќаат богатата културна разновидност на нашата држава.

Секоја година стотици локални непрофитни организации низ Нов Јужен Велс ги користат Грантовите за фестивали и настани за да ја прослават својата културна традиција и да споделат храна, музика и забава со пошироката заедница.

Multicultural NSW ги доделува грантовите во име на Владата на Нов Јужен Велс.

Апликациите за грантови се затвораат во петок, 11 октомври во 17 часот, а информативна сесија е планирана за во 11 часот на 3 октомври.

За повеќе информации или да аплицирате, посетете: https://multicultural.nsw.gov.au/stronger-together-events-festivals/

**Министерот за мултикултурализам на Нов Јужен Велс, Стив Кампер изјави дека:**

„Овие прослави не само што ја покажуваат живописноста и богатството на заедниците на Нов Јужен Велс, туку се и клучен дел од успехот на нашата држава."

„Културната разновидност е важен дел од нашиот идентите и начин на живеење во Нов Јужен Велс и нешто што не треба да го земаме здрава за готово."

„Ги охрабрувам сите организатори на заеднички настани во Нов Јужен Велс, кои се заинтересирани за организирање фестивали и настани што ја поддржуваат заедничката хармонија во 2025 година, да аплицираат!"

**ЗА МЕДИУМИ:** Jonathan Symons | **Министер Кампер** | 0407 488 158